**З А П И С Н И К**
**од 41-ва седница на Совет на Општина Демир Хисар**
**одржана на 21.10.2024 година**

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11.00 часот.
На седницата присутни беа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска и Сандра Пејковска.
Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Марина Поповска, Катерина Огненовска. На седницата присутен беше претставник од ПС од општа надлежност Демир Хисар командирот на сообраќај Николче Јошевски.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 40 та седница на Совет на општина Демир Хисар

Советникот Аце Јанкуловски праша дали сега е во ред со ценовникот за превоз на учениците. Претставникот Александра Трајковска објасни сега е во ред. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали се договорија училиштето и детската градинка околу трошоците за користење на просториите. Претставникот Александра Трајковска објасни нема ништо, тоа е договор меѓу нив. По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 11 „за“.

Записникот беше усвоен со 11 „за“ без забелешки.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Информација од полициска станица од општа надлежност Демир Хисар по заклучокот донесен од Советот на општина Демир Хисар во врска со безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Демир Хисар.
2.Донесување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година.
3. Донесување на Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена В 5.1 Црква „Св.Марина“ на КП.БР.1119 и КП.БР1120 м.в. „марена“ КО Велмевци Општина Демир Хисар.
4. Донесување на Одлука за измена и дополнување на Програмата за Урбанистички планови на општина Демир Хисар за 2024 година.
5. Донесување на Одлука за делегирање надлежност за зимско одржување на општинските патишта и улици за сезона 2024/2025 година.
6. Предлози и прашања

Претседателот на Совет Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи измена на распоредот на точките во предложениот дневен ред имено точката 2. Информација од полициска станица од општа надлежност Демир Хисар по заклучокот донесен од Советот на општина Демир Хисар во врска со безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Демир Хисар да се разгледува како прва точка, а првата точка како втора. Други забелешки и предлози немаше. Со 11 „за“ беше усвоен дневниот ред со измените.

***ТОЧКА 1. Информација од полициска станица од општа надлежност Демир Хисар по заклучокот донесен од Советот на општина Демир Хисар во врска со безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Демир Хисар***

Во врска со Информацијата од Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар по заклучокот донесен од Советот на општина Демир Хисар, а во врска со безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Демир Хисар своe излагање имаше претставникот на Полициската станица од општа надлежност Демир Хисар Николче Јошевски. Имено од страна на полицијата безбедносната состојба на општината е на стабилно ниво истото е потврдено од надлежните служби во Битола. Потоа подетално објасни во делот на безбедноста за месец август има 115 прекршоцни , сепрември 142 и дел од отомври 88, во месец август нема сообраќајни незгоди, во септември 4 една со починато лице, во октомври 1, прекршочни налози за погрешно паркирање во август 5, септември 2 и 8 предупредувања и октомври 2 платни налози и 4 предупредувања, за брзо возење во август има 99 прекршочни платни налози, во септември 82 октомври 66, за возење под дејство на алхохол во август 3, септември 7, октомври 6 санкции, споредено со предходната година тука некаде се. За јавниот ред и мир целосно е добро безбедноста не е нарушена, имаше еден случај со лице со употреба на нож што не згрози сите. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски во својата дискусија истакна сето ова произлезе од случајот со сообраќајна несреќа со жртва, од полицијата побаравме да се вложи повеќе да биде присутна на терен, поубаво сега да се лутат децата, да платат казна него после да биде касно и родителите не треба да ургираат кога има прекршок треба да има и одговорност. Целта е заеднички да направиме побезбедни улици да се поставаат легнати полицајци по улиците каде се вози брзо, да се поставаат сверни огледала на неколку критични места. Затоа предложи да се формира комисија еден претставник од полицијата, еден претставник од одделението за урбанизам и тројца советници по еден од двете политички партии и тој како претседател на совет. Претставникот од општината Александра Трајковска го извести претставникот од ПС од ОД Демир Хисар за доставување на извештаи за работа до советот. Командирот Николче Јошевски објасни законска обврска имаме да доставуваме шетмесечни извештаи и годишни извештаи, зошто тоа не се почитувало не можам да кажам, на оваа позиција сум од 25 Јули неможам да доставм извештај за предходно, но за овај период цесно можам да се произнесам. Се согласи со забелешките дека има потреба за поставување на сообраќајна сигнализација низ градот и населените места, ние постојано правиме анализа критични места се регионалниот пат кој поминува низ населено подрачје во Жван и Сопотница, тука неможе ништо, исто и во градот по улица Битолска и 1 ви Мај. Треба да се преземат мерки. Пожарната служба е дел од јавниот ред и мир на тоа поле нема проблеми. За безбедноста во патниот сообраќај работиме многу, но работиме со минимален број на службени лица максимално се трудиме да го покриеме целото подрачје. Се што е во наша надлежност максимално ќе се вложиме да направиме за безбедност во сообраќајот истакна комадритот Николче Јошевски. За членови во комисијата беа предложени претседателот на Советот Љупчо Најдовски советниците Аце Јанкуловски и Сашо Михајловски еден од општината и еден од ПС од ОН ДемирХисар. До 15 ноември да се направи обиколка и да се дадат предлози кој се критични места за поставување на сигнализација. Советничката Марина Димитријовска праша дали има можност да се поставаат легнати полицајци на регионален пат во делот на населено место каде поминува. Командирот Николче Јошевски објасни имале поднесено барање до државни патишта и јавни патишта треба елаборат за менување на цела делницата од Загориче до Сопотница што е доста тешко. Исто така барале и поставување на заштитна ограда и легнати полицајци. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи исто така еден дел од улица Маршал Тито да се нправи еднонасочна, тоа е добро решени барем во делот каде најчесто има запирање и паркирање. Исто за тротоарите можи да се поставаат ступчиња за да неможи со кола да се качува на тротоарот, предлог да се пуштат во функција семафорите како трепкачи. Командирот Николче Јошевски објасни сите надлежности за улиците се на општината таа улица е двонасочна и забрането е запирање и паркирање, но во делот пред банката се користи за запирање и повремено паркирање, посебно проблем се јавува затоа што во тој дел е ТПП заштита. Со паркин местата кои се добија со проширувањето на дел од улица Маршал Тито се растерети во тој дел сообраќајот. После

доставениот заклучок од советот направивме анализа, начесто се паркира пред продавниците и тоа на кратко додека се пазари, или на улицата додека се заврши некоја работа. Треба да одиме репресивно и да ги казнуваме сите, или со предупредување, тоа не е решение, за ступчиња нема да ни дозволат затоа што треба да се паркира возило за доставување на роба, најдобро е да се реши со паркиг простор и да се менуваат навиките, но да има определено паркинг. Со пуштање на семафорите во функција е добро, некаде можи и ступчиња по должина на тротоарот или да се реши со комунален редар кој ќе биде присутен на терен. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна од целата дискусија може да се извлече заклучок да се постават ступчиња по тротоарот на делови каде има можност, да се пуштата во функција семафорите со трепкач, да се издејствува на улица Битолска, и на регионалниот пат во деловите кој поминува низ населените места Белче, Сопотница и Жван да се постават легнати полицајци и комисијата да се состане да направи увид. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за" беше донесен заклучокот.

***ТОЧКА 2. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година***

Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година беше разгледана од Комисијата за финасии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. За одлуката објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Имено се намалува на 3-4 ставки каде има доволно средства, а се зголемува кај правни услуги, за договор на дело и кај плата за пожарната. Преседателот на Совет Љупчо Најдовски праша колку беа планирани средства за правни услуги. Претставникот од општината Марина Поповска објасни планирани беа 250.000 реализирани се 240.300, има фактура за плаќање потребно е да се платат 2 месеци за адвокатот и една фактура за вештачење, 10.000. се плаќаше за плавни услуги за тужбите од пожарникарите. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски констатира исплатени се многу средства за адвокат дали има можност да се вработи лице кое ќе ги врши истите работи. Потоа праша дали се е во ред со средствата планирани за фудбалскиот клуб. Советничката Марина Димитријовска праша за платите на пожарникарите дали досега редовно земаа плата. Претставникот од општината Марина Поповска објани пожарникарите досега редовно земаа плата, имаше повеќе пожари оваа година затоа се потрошија повеќе средства треба да се планира со оваа одлука една плата, и со ребалансот ќе се планира уште колку што има потреба се однесува само за тројца пожарникари кои ги плаќа општината. Што се однесува за средствата за адвокатот тој ја застапува општината пред суд неможи вработено лице. На фудбалскиот клуб му се плаќа редовно, има една фактура за плаќање има план ќе се среди и тоа. Дискусија повеќе немаше. Со 10 „за" беше донесена одлуката против и воздржани немаше.

**ТОЧКА 3. Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена В 5.1 Црква „Св.Марина" на КП.БР.1119 и КП.БР1120 м.в. „марена" КО Велмевци Општина Демир Хисар**

Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена В 5.1 Црква „Св.Марина" на КП.БР.1119 и КП.БР1120 м.в. „марена" КО Велмевци Општина Демир Хисар беше усвоена од комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС. За одлуката објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Дискусија немаше. Со 10 „за" беше донесена одлуката против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 4. Одлука за измена и дополнување на Програмата за Урбанистички планови на општина Демир Хисар за 2024 година***

Одлука за измена и дополнување на Програмата за Урбанистички планови на општина Демир Хисар за 2024 годинабеше усвоена од комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС. За одлуката објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Дискусија немаше. Со 10 „за" беше донесена одлуката против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 5. Одлука за делегирање надлежност за зимско одржување на општинските патишта и улици за сезона 2024/2025 година***

За Одлуката за делегирање надлежност за зимско одржување на општинските патишта и улици за сезона 2024/2025 година За одлуката објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше донесена одлуката против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 6. Предлози и прашања***

Претставникот на општината Алекспандра Трајковска ги извести советниците дека стигна одговор по поднесените иницијативи за отворање на канцеларија за нотар и суд дека и за двете нема можност да се отворат во Демир Хисар.

Советничката Марина Димитријовска потсети дека имаше барање да се достават договорите за рок хепениг не се доставени за наредна седница да се достават.

Советникот Валентин Нестороски потсети на предходната седница исто беше побарано да се даде одговор кој е надлежен за задолжување на сопствениците да го чистат дворот во куќите кои не живее никој.

Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 1065/2
14.11 . 2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.